Архивски број:04-21/4
Дата: 11. 01. .2024г.

Врз основа на член 45 став 1 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/2019, 14/20, 215/21 и 99/22), в.д. Директорот на Државниот комунален инспекторат донесе:

**О Д Л У К А**
**за неизбор на кандидат по јавен оглас бр.537/2023год од 04.12.2023год, за вработување на административен службеник**

1. **НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР** на кандидат за вработување по Јавен оглас број 537/2023 во **Државен комунален инспекторат**, за работното место под реден број. 1 ИНС 0101В04000 помлад инспектор-помлад комунален инспектор - Одделение за инспекциски надзор,

2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии арх.бр.18-11414/2 од 13.11.2023 година, в.д. директорот на Државниот комунален инспекторат достави барање со број 04-320/1 од 20.11.2023 година, за објавување на јавен оглас за вработување на неопределно на еден (1) администартивен службеник во Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија.

Агенцијата за администрација по барање на Државниот комунален инспекторат во дневните весници Нова Македонија, Слободен Печат и Коха го објави јавниот оглас бр. 537/2023 за вработување на неопредлено време еден административен службеник на работно место ИНС 0101В04000, помлад инспектор-помлад комунален инспектор во Одделение за инспекциски надзор во Државниот

комунален инспекторат. Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас формирана со Решение бр.10-2137/5 од 06.12.2023год, од страна на Агенцијата за администрација, на ден 20.12.2023год, во 09:00 часот, во просториите на Агенцијата за админситрација спроведе административна селекција за административниот службеник (Записник бр. 10-2137/6 од 20.12.2023год), на огласот беа пријавени 18 кандидати од кои 13 уредни кандидати а 5 неуредни од кои 10 продолжија во следната фаза, испитот за избор за административниот службеник се спроведе на ден 03.01.2024год, во 13:00часот (Записник бр. 10-85/1 од 03.01.2024 год,) на кое од 10 кандидати од преходна фаза само (3) троица ја поминаа втората фаза, на ден 05.01.2023 год. во 13:00часот се спроведе веродостојна проверка на доказите со интервју на административните службеници (Записник бр. 10-85/2 од 05.01.2024 год.), иако уредно беа повикани 3 (троица) кандидати, истите не се појавија во определениот термин.

Врз основа на резултатите во сите фази на селекцијата, Комисијата за селекција изготви конечена ранг-листа и предлог бр. 10-85/3 од 09.01.2024година, со забелешка дека за работното место ИНС 0101В04000 помлад инспектор-помлад комунален инспектор - Одделение за инспекциски надзор, "нема кандидат кој се квалификува за вработување".

Согласно претходно изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение административниот службеник во рок од 8 дена има право да поднесе жалба пред Агенцијата за администрација.

в.д Директор,
м-г Sali Ajdini

Подготвил: В. Илиевска
Одобрил: К.Азизи

ДОСТАВЕНО ДО:
- Агенција за администрација
- Кандидатот
- Човечки ресурси
- Архива


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Државен комунален инспекторат-Скопје
Ул. Булевар „Кузман Јосифовски Питу “ бр.15 лок. ½, 1000, Скопје
+ 389(0)2 2462 595
www.dki.gov.mk